**Локации на SEALS Центрите за земање примероци за патологија:** **MACEDONIAN**

**Болницата Prince of Wales**: Cobden Parkes Building, Level 2 East, High Street, Randwick. Тел. 93829060
**Приватната болница Prince of Wales Private:** Suite 28, Level 7, Barker Street, Randwick. Тел. 96504963
**Болницата St George**: Ground Floor, Clinical Services Building, Gray Street, Kogarah. Тел. 91133027
**Болницата Sutherland:** Pathology Building, Corner Karenna Road and Kingsway, Caringbah. Тел.95407420
**Болницата Wollongong:** Level 7, Block C, Wollongong Hospital, Crown Street, Wollongong. Тел. 42534009
**Болницата Shellharbour:** Shellharbour Hospital, Madigan Blvd, Shellharbour. Тел. 42952487
**Болницата Shoalhaven:** Shoalhaven Hospital, Shoalhaven Street, Nowra. Тел. 44239235

# УПАТСТВО КАКО ДА СЕ СОБИРА МОКРАЧА ЗА ТЕСТИРАЊЕ ЗА КРЕАТИНИН

**(SPECIMEN COLLECTION INSTRUCTION FOR CREATININE CLEARANCE)**

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ

**(PATIENT INFORMATION)**

## A. ПРОЦЕДУРА ЗА СОБИРАЊЕ МОКРАЧА ВО ТРАЕЊЕ ОД 24 ЧАСА

**(24-HOUR URINE COLLECTION PROCEDURE)**

**Важно:**

**НЕ МОКРЕТЕ ДИРЕКТНО ВО САДОТ.**

**КОНЗЕРВАНСИТЕ ШТО СЕ КОРИСТАТ ЗА СОБИРАЊЕ МОКРАЧА МОЖЕ ДА ПРЕДИЗВИКААТ ПОВРЕДА.**
**ИЗБЕГНУВАЈТЕ КОНТАКТ СО КОЖАТА И ЧУВАЈТЕ ГО САДОТ СО МОКРАЧА/КОНЗЕРВАНС ДАЛЕКУ ОД ДОФАТОТ НА ДЕЦА.**

Користете го само шишето што ќе ви биде дадено од овој Оддел. Шишето за собирање мокрача содржи конзерванс – немојте да ја истурате неговата содржина. Мокрете директно во соодветен чист сув сад за да ја префрлите мокрачата во шишето во кое што таа се собира. Ако некој од примероците на мокрача не успеете да го турите во шишето за собирање, ве молиме да ја известите лабораторијата. Држете го садот во студено, темно место додека ја собирате мокрачата.

1. На утро кога ќе се разбудите ***фрлете ја првата мокрача*** што ќе ја измокрите во клозетот.

2. Запишете го тоа време и датумот на шишето како ***Време и датум на започнување со собирањето.***

3. Потоа собирајте ја во шишето сета мокрача што ќе ја мокрите се до и вклучувајќи го и мокрењето во истото време наредното утро. ***Истресете го шишето за да се измеша мокрачата со конзервансот при секое турање мокрача.***

4. После последното собирање на мокрача, напишете го ова време и датумот на шишето како ***Време и датум на завршување.***

5. Проверете дали се јасно напишани на шишето вашето ***име и презиме, датумите*** и ***времињата***. Употребете пенкало што не се брише со вода.

6. Напишете го вашиот ***датум на раѓање*** и ***датумите*** и ***времето*** на почнување и завршување на собирањето мокрача на формуларот за Барање за тест од докторот (Request Form).

7. Вратете го шишето со мокрачите ***и*** Барањето за тест од докторот, што е можно побрзо во: Амбулантниот оддел на SEALS Pathology (SEALS Pathology Out-Patients Department) за да ви земеме крв.

## Б. Процедура за земање крв
**(BLOOD COLLECTION PROCEDURE)**

***За тие кои лежат во болница,*** крвта е најдобро да се земе во текот на 24 часа од циклусот на собирање мокрача или веднаш после собирањето на последната мокрача.

***За тие кои собираат мокрача дома,*** најдобро е крв да се земе во рок од 2 часа или колку што е можно поскоро после собирањето на последната мокрача.